РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 17-91/2
17.01 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 9 и член 13 од Правилникот за доделување на спортски стипендии на спортисти на Општина Бутел („Службен гласник на Општина Бутел" бр.11/2022 од 23.08.2022 година ) и член 1 и член 6-а од Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за доделување на спортски стипендии на спортисти на Општина Бутел („Службен гласник на Општина Бутел" бр.1/2024 од 16.01.2024 година), Комисијата за селекција и избор на апликанти за спортски стипендии, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за доделување на спортски стипендии на спортисти на Општина Бутел

1. **Назив и адреса на органот:**

Општина Бутел ул. „Бутелска" бр. 4 - Скопје

2. **Видови на спортски стипендии и нивна висина:**

Општина Бутел ја доделува петтата категорија стипендии и тоа:

2.1 Стипендија од петта категорија во висина од 10.000,00 денари која ќе се исплати еднократно.

3. **Критериуми и услови за стекнување со спортска стипендија:**

**3.1.** Стипендија од петта категорија ќе се доделува само на спортисти кои се натпреваруваат во пионерска, кадетска и младинска конкуренција.

За оваа категорија ќе се земат во предвид спортски резултати, односно резултати кои се постигнати во пионерски, кадетски и младински натпреварувања.

Редоследот на рангирање за оваа категорија ќе биде врз основа на следните натпреварувања:
- Олимписки игри
- Светски првенства
- Европски првенства
- Балкански првенства
- Меѓународни турнири
- Државни првенства
- Државни (домашни) турнири

**3.2.** За стекнување со спортска стипендија од петтата категорија, може да конкурираат спортисти кои ги исполнуваат следниве услови:
- спортистот да биде државјанин на Република Северна Македонија и жител на Општина Бутел;
- спортистот да е активен спортист член на регистриран спортски клуб;
- спортистот да има спортски постигнувања во екипни и индивидуални спортови во тековната и претходната година;

**4.Потребни докази за исполнување на условите за стекнување со спортски стипендии:**

Во поткрепа на исполнување на условите од точка 3 на овој Повик, спортистот мора:
- да достави потврда од спортскиот клуб дека е член на клуб;
- да бидат наведени спортските резултати од тековната и претходната година;
- да достави Билтен од натпреварите на кои се постигнати спортските резултати;
- да достави копија од Уверение за државјанство
- копија од лична карта;
- копија од трансакциска сметка
- контакт телефон

**5.Право за аплицирање и начин на поднесување на апликациите:**

5.1 Заинтересираните спортисти кои ги исполнуваат условите од точка 3.2. од овој Јавен повик, апликациите треба да ги достават до архивата на Општина Бутел.

5.2 Апликацијата и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака „не отварај“ и бројот на повикот. Пликот не смее да содржи никаква ознака која би може да го идентификува апликантот. Апликацијата и целокупната документација се доставува во еден оригинален примерок и соодветни Билтени кои откако ќе бидат прегледани ќе му бидат вратени на апликантот.

**6.Рок за поднесување на апликациите**

6.1 Апликациите за учество на Јавниот повик со комплетната барана документација се доставуваат до архивата на Општина Бутел, од денот на објавувањето на Јавниот повик на ВЕБ страната на Општина Бутел.

6.2.Јавниот повик ќе биде отворен 8 дена од денот на објавувањето на ВЕБ страната на Општина Бутел.

6.3.Некомплетните апликации и апликациите кои нема да бидат согласно овој Повик нема да бидат земени во разгледување

17.01.2024, Скопје

Комисијата за селекција и избор на апликанти за спортски стипендии

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БУТЕЛ